Број: 11-3366/3
Датум: 09.04.2026
Скопје

Врз основа на член 50, член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ Бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија Бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на културата за 2026 година, Глава II Проектни активности, точка 4 „Мурал или скулптура и графити за секое маало”(Службен гласник на Општина Карпош Бр.23/2025), Правилникот за условите, начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства од дејноста култура Бр. 11-759/1 од 30.01.2026 година и Одлуката за објавување на Јавен оглас за „Мурал или скулптура и графити за секое маало” Бр.11-3366/2 од 31.03.2026 година, Комисија за „Мурал или скулптура и графити за секое маало“, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за „Мурал или скулптура и графити за секое маало”

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите правни и физички лица кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината.

## II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот.

**Правни лица:**

1. Тековна состојба издадена од централен регистар, не постара од 6 (шест) месеци.

2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот.

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка

- Проектите да се атрактивни, популарни и од посебен интерес за граѓаните на општината и истите да бидат реализирани на територија на Општина Карпош.
- Биографија на подносителот (досегашни домашни и меѓународни настапи, признанија и награди доколку има).
- Подносителите за изработка на муралите, скулптурите и графитите да поднесат изработен проект со идејно решение за изгледот, предлог содржина, материјалите за изработка, квадратурата и цената.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од општината за „Мурал или скулптура и графити за секое маало” е во висина од 1.000.000,00 денари.

Комисијата е должна доставената документација претходно да ја провери, подготви мислење и истото да го достави до Градоначалниот.

## V. Начин на пријавување

Документите да се доставaт во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), со ознака „Не отворај“ и со назнака „Мурал или скулптура и графити за секое маало”.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот трае од денот на објавување 09.04.2026 година до 30.04.2026 година, со услов одобрените средства да бидат реализирани најдоцна до 30.11.2026 година.

Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

ОПШТИНА КАРПОШ
**Комисија за**
**„Мурал или скулптура и графити за секое маало”**

*ул.Никола Русински бр.11 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
***www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk***